| | |
|---|---|
| **Датум на поднесување** | **04.05.2023** |

| | |
|---|---|
| **Наслов на проектот** | **Перцепција на слободата на изразување на медиумските работници во Република С. Македонија – компаративна анализа** |
| **Клучни зборови** | **Медиуми, слобода на изразување, цензура** |

**ПРВ ДЕЛ 1:**

## Апстракт


Слободата на изразување е едно од основните права на човекот гарантирано со повеќе правни инструменти на ООН, на Советот на Европа, на ЕУ и на други меѓународни организации. Ова право истовремено претставува огледало на демократијата и инструмент за вреднување на степенот за нејзино спорведување во едно општество.

Република С. Македонија како држава членка на ООН, Советот на Европа и на други меѓународни организации го има имплементирано правото на слобода на изразување во Уставот на државата и Законите. Меѓутоа секојдневно сме сведоци дека медиумските работници во вршење на својата професионална работа често се соочуваат со разни притисоци од одделни центри на моќ кои го ограничуваат остварувањето на нивното право на слободата на изразување.

Во овој Научно-истражувачки проект ќе ја истражиме перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразување, како и причините кои влијаат во ограничувањето на ова право. Целта на истражувањето е да дојдеме до конкретни сознанија за перцепцијата на степенот на цензура и автоцензура на медиумските работници во медиумите во на Република С. Македонија преку компаративна анализа на четири региони (Зсточниот, Западниот, Северниот и Јужниот регион).

Основно истражувачко прашање на кое треба да одговориме во истражувањето е **"Каква е перцепцијата на медиумските работници за степенот на слободата на изразување во Република С. Македонија?"**


## Abstract


Freedom of expression is one of the basic human rights guaranteed by several legal instruments of the UN, the Council of Europe, the EU and other international organizations. This right, as mirror of democracy, represents an instrument for assessing the level of democracy in a society.

Republic of N. Macedonia as a member state of the UN, the Council of Europe and other international organizations has implemented the right to freedom of expression in a constitution and national Laws. However, we are witnessing that media workers in the performance of their professional work often face various pressures from certain centers of power that restrict the exercise of their right to freedom of expression. In this scientific research project, we will explore the perception of media workers about freedom of expression, as well as the reasons that affect the restriction of this right. Thus, through this research we will come to concrete findings about the perception of the degree of censorship and self-censorship of

media workers in the media in of the Republic of N. Macedonia trough comparative analysis of four region, (Wester, Eastern, Northern and Southern

The basic research question to be answered in the research is "**What is the perception of media workers about the degree of freedom of expression in Republic of N. Macedonia?**"

**Детален опис на проектот:**

**Вовед**

Слободата на медиумите е прашање од универзален карактер што ја засега целата меѓународна заедница. Слободата на изразување како фундаментално право на човекот е предмет на ограничување во сите држави во светот, дури и во земјите каде што развојот на демократијата е на повисоко ниво. Медиумите како креатори на јавното мислење претставуваат инструмент на контрола на власта. Имајќи ја во предвид ваквата моќ на медиумите, власта секогаш на суптилен начин се обидува да ги стави под сопствена контрола. До кој степен ќе се контролираат медиумите и ќе се ограничува слободата на изразување зависи од повеќе фактори. Сепак, еден од најважните е способноста и волјата на медиумските работници (новинарите) да го сочуваат својот интегритет во однос на политичката власт.

Слободата на изразување, односно слободата на медиумите како еден од основните индикатори за демократскиот развој на едно општество е предмет на континуирано следење од страна на неколку меѓународни организации кои имаат мисија и се фокусирани на остварувањето на правото на слободата на медиумите и слободата на изразување во сите држави во светот. Преку следењето на примената на соодветни критериуми овие организации вршат рангирање на државите во светски рамки за остварување на наведеното право. Истовремено следењето на остварувањето на слободата на медиумите во државите преставува своевидна меѓународна контрола. Најпознати такви меѓународни Невладините организации се: Репортери без граници, *Freedom House и УНЕСКО*.

Според податоците на *Репортери без граници* кои се однесуваат на 2022 година,од почеток на годината се убиени 29 новинари и 2 медиумски работници, додека моменталната бројка на затворени новинари е 464, а на медиумски работници 18. Според *World Press Freedom Index*кој го применува оваа агенција, во 2022 годинана прво место на ранг листата е повторно Норвешка, по која на второ, трето и петтото место доаѓаат скандинавските држави Данска, Шведска и Финска, а четвртото место и припаѓа на Естонија. На шестото место е рангирана Ирска, по кои следат, Португалија, Коста Рика, Литаванија и Лихтенштајн, на десеттото место. С. Македонија, во споредба од ланската година кога беше на 90-тото место, оваа година се наоѓа на 57-мото место на листата, што значи направила скок од 33 места (што претставува успех ако се земе предвид дека претходната година имаше направено скок од само две места).

Според извештајот на Freedom House за 2022 година, општата оценка за слободата во Македонија е дека таа е парцијално слободна, со 67 бода од вкупно 100. Во однос на на прашањето „дали има слободни и независни медиуми„ оценката изнесува 3 од вкупно 4 и се наведува дека: медиумите се длабоко поларизиран по политички линии; приватните медиуми често се врзани за политички или бизнис интереси кои влијаат на нивната содржина. Постои широка функционална колекција на критични и независни онлајн медиуми. Во извештајот е наведено дека според извештајот на Здружението на новинари на Македонија од јуни 2021 година, во 2020 година се регистрирани 14 закани

и физички напади врз новинари, (половина од нив биле новинарки) за разлика од 2019 кога биле забележани само 4 такви инциденти. Имено во однос на ова прашање во Македонија сеуште не се усвоени законски измени со кои нападот на новинари би се сметало за напад на службено лице

Без разлика на тоа според која методологија се рангирани државите во однос на остварувањето на слободата на медиуми, рангирање на Република С. Македонија е релевантен индикатор дека слободата на медиумите во иднина треба значително да се подобри. Експертите оценуваат дека со одредени корекции на медиумската регулатива кој е донесен по широка дебата на сите заинтересирани страни и со партиципирање на новинарските асоцијации (ЗНМ, МАН и др.) го овозможува тоа и наскоро можеме да очекуваме дека сите наредни извештаи за слободтата на изразување за Македонија ќе бидат позитивни и оптимистички и дека новинарската професија ќе си го добие вистинското место во општеството. Слободата на изразување ја става оваа фела на пиедесталот на браникот на демократијата, а воедно е и вистински акцелератор на демократските процеси во секое општество.

Резултатите од нашето истражување за перцепцијата на слободата на изразување на медиумските работници кое ќе биде спроведено преку компаративна анализа на четири региони во С. Македонија, ќе покажат одредени индиции во која насока се движи слободата на медиумите и слободата на изразување во Р. С. Македонија во последните 4 години.

**Предложени истражувања**

**а) Предмет на истражување**

Предмет на нашето истражување е да се утврди перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразување во медиумите во државата. Најпрво во нашето истражување ќе ги собереме податоците за:

1) бројот и видовите на медиумите по општини и на ниво на Регион (печатени, електронски: радиа, телевизии)
2) ниво на кое функционираат (локално, регионално и национално ниво).
3) број на вработени во медиумите
4) образовна структура

**б) Цели на истражувањето**

Нашето истражување има две цели: т*еоретска* и *практична цел*. Теоретската цел ќе ја анализира перцепцијата на медиумските работници на слободата на изразување во четири региони на Р.С. Македонија, од една страна, како и идентификување на влијанието на одредени фактори врз слободата на изразување (материјалниот статус на медиумските работници, степенот на образовние, работно-правниот статус, заштитата на правата од работен однос, политички влијанија) и др.

Исто така, истражувањето ќе ја збогати и научната мисла од областа на медиумите и слободата на изразување, а воедно можат да помогнат во поставување на повисоки научни цели за понатамошни анализи и нови истражувачки аспекти и димензии на предметната проблематика.

Практичната цел на истражувањето може да се согледа пред се од прагматичен аспект, бидејќи податоците коишто ќе ги добиеме можат да помогнат за определување на степенот на перцепција на медиумските работници за слободата на изразување на национално ниво. Резултатите од истражувањето ќе послужат за креирање на нови подобри и пофункционални решенија, преку дефинирање на нови стратегии и развојни

политики во државата во однос на слободата на медиумите и слободата на изразувањето.

**в) Методолошки приод**

За потребите на нашето истражување ќе бидат користени следните истражувачки методи: анализа, синтеза, дескриптивниот метод, статистичкиот и други методи. Исто така, за потребите на нашето истражување ќе бидат земени во предвид спроведените анкетни прашалници во сите медиумите од сите четири региони.

За потребите на истражувањето, во анализата се вклучени медиумите од урбаните центри во сите четири региони, односно вработените новинари и други медиумски работници во медиумите, на директен начин преку анкетирање од страна на анкетари и преку телефон. Притоа, ќе се води грижа во структурата на примерокот да биде подеднакво застапена половата структура, возрасната структура.

**Хипотетска рамка на истражувањето**

**Општа хипотеза**

Во истражувањето се поаѓа од општата претпоставка дека врз перцепцијата на медиумските работници на слободата на медиумите влијаат повеќе фактори кои меѓусебно се испреплетуваат. Така, во нашето истражување се поаѓа од претпоставката дека врз перцепцијата на медиумските работници на слободата на медиумите влијаат социо-економската положба на медиумските работници. Несомнено, мошне важен фактор којшто влијае на перцепцијата на медиумските работници врз слободата на изразување секако е и образовниот статус на самите новинари. Важен фактор којшто има соодветно влијае врз перцепцијата на медиумските работници за слободата на изразување е правната регулатива со која се регулираат општествените односи во медиумската сфера во Република С. Македонија. Самата анализа на одговорите за правната регулатива ќе утврди дали и колку таа влијае врз слободата на изразување. Исто така, во нашето истражување ќе утврдиме дали и колку влијае ефикасноста на институциите кои имаат надлежност во работата на медиумите, како и политиките што тие ги креираат и имплементираат во оваа сфера.

Врз слободата на изразување на медиумските работници на РСМ влијае и работно-правниот статус на вработените во медиумите, како и уредувачката политика, сопствениците на медиумите, бизнис интересите (на локално, регионално и национално ниво), политиката на сите нивоа, професионалното организирање и здружување, односно тела во државата, функционирањето на институциите кои имаат надлежност во оваа сфера и меѓународната контрола.

**Посебни хипотези**

1. Врз слободата на изразување на медиумските работници во РСМ влијае нивниот материјален статус;
2. Врз слободата на изразување на медиумските работници во РСМ влијае нивниот образовен статус;
3. Врз слободата на изразување на медиумските работници во РСМ влијае работно-правниот статус;
4. Врз слободата на изразување на медиумските работници во РСМ влијае уредувачката политика;
5. Врз слободата на изразување на медиумските работници во РСМ влијае сопственикот на медиумите;
6. Врз слободата на изразување на медиумските работници во РСМ влијае бизнис интересите (на локално, регионално и национално ниво);

7. Врз слободата на изразување на медиумските работници во РСМ влијае политиката на сите нивоа;
8. Врз слободата на изразување на медиумските работници во РСМ влијае правната регулатива;
9. Врз слободата на изразување на медиумските работници во РСМ влијае професионалното организирање и само регулаторните тела;
10. Врз слободата на изразување на медиумските работници во РСМ влијае функционирањето на институциите кои имаат надлежност во оваа сфера;
11. Врз слободата на изразување влијае на медиумските работници влијае контролата на меѓународните организации (Freedom Haus, Репортери без граници и др.)

**Презентирање и објавување на резултатите**
Во оваа фаза предвидено е да се реализираат следните активности:
а) учество на млади истражувачи во научната работа при што тие ќе бидат обучени да ги користат инструменталните техники предвидени за реализирање на активностите од овој проект. Тие ќе бидат обучени да ги анализираат резултатите и да размислуваат и дискутираат за резултатите. Тоа ќе овозможи проширување на знаењата и искуствата во однос на слободата на изразување и примената на медиумската регулатива во сверниот и јужниот регион на Р. С.Македонија, стекнување способност за планирање на идни научни активности;
б) Пишување и објавување на научни трудови во интернационални списанија со фактор на влијание.
в) Презентирање на добиените резултати на домашни и меѓународни научни конференции.
г) Соработка со медиумите со цел практична примена на резултатите добиени од ова истражување.

**д) Истражувачки план со временска рамка**

Истражувањата ќе бидат спроведени во медиумите и општините на сверниот и јужниот регион на Р. С.Македонија.
Истражувачката работа и активностите на проектот ќе се спроведат во периодот мај-јуни 2023 година.

**Период 1.** Временска рамка од 10.05.2023-15.05.2023 година
1) Почетни активности: состанок со сите учесници на проектот и договор за понатамошни активности.
(2) Калсификација на анкетни прашалници по региони во четирите региони
(3) Класификација на досегашните добиени резултати во четирите региони

**Период 2.** 16.05.2023-26.05.2023 година. Обработка и анализа на добиените податоци од Анкетниот прашалник.

**Период 3.** 26.06.2023-10.06.2023 година. Состанок со учесниците на проектот и дискусии за добиените резултати и подготвување на завршен извештај за активностите извршени во текот на истражувањето, подготовка на научни трудови за презентирање на научни конференции.

**Литература**

| |
|---|
| **1. Мајхошев**. А, (2018), Медиумско право (учебник), Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет;<br>**2.Мајхошев, А**., (2016), Медиумско право (Авторизирани предавања), Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет;<br>**3. Мајхошев, А**., (2015), Новинарска етика (Рецензирана скрипта), Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет;<br>4. **Мајхошев, А.** (2014), Новинарска етика (Практикум), Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет;<br>5. **С.Тодоровска- Павловска, З. Иванов, З. Таневски, Г. Филков, З. Бојаровски, К. Спасовска, (**2005), Пишување за електронски медиуми, Македонски институт за медиуми;<br>6. **Бранко Геровски**, Биди Новинар, Матица Македонска<br>7.**Веле Смилевски**, (1999) Аспекти на новинарската теорија и практика. Жанрови, Матица Македонска;<br>8.**Томе Груевски**, (2013), Комуникологија на жанрот, Студиорум, Скопје; |
| |

**ВТОР ДЕЛ**
**Истражувачки тим:**
**АНЕКС 1**
**Истражувачки тим**

| | |
|---|---|
| **Главен истражувач** | Доцент д-р Јорданка Галева |
| **Истражувач** | Редовен проф. д-р Андон Мајхошев |
| **Истражувач** | Доцент д-р Искра Коровешовска |
| **Божидар Донев** | Студент на IV година на Медиумски студии и ОЈ |
| **Игор Тасевски** | Студент на III година на Медиумски студии и ОЈ |
| **Драган Николов** | Студент на III година на Медиумски студии и ОЈ |

**ИСТРАЖУВАЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**
**Истражувачки капацитети/опрема**

За извршување на задачите од проектот ќе биде изработен детален акционен план со назначување на лица и временска рамка за реализација на активностите. Во проектот ќе бидат вклучени тројца професори и тројца студенти од Студиската програма-Медиумски студии и ОЈ на Правниот факултет при УГД.
Истражувањето предвидува комапаративна анализа на анкетните прашалници и добиените резултати по региони: Западниот, Источниот, Северниот и Јужниот регион во С. Македонија
Во делот на кабинетска работа, ќе се користи компјутер, скенер, печатар, како и телефонски и факс услуги. Финални продукти ќе бидат изработка на научно-истражувачки труд кој ќе биде претставен на меѓународна конференција.
По изработката на стручен и научно-истражувачки труд, ќе следи јавна презентација на резултатите од истражувањето пред пошироката јавност, медиумските работници, студентите и професорите на Правниот факултет и пошироко. Во јавната презентација на резултатите од истражувањето ќе се користат ресурсите од Центарот за односи со јавноста при УГД.

**Финансирање на проектот**

За спроведување на наведениот Научно-истражувачкиот проект не се потребни финасиски средства и истиот ќе се реализира на волонтерска основа.